# ВИЗИЈАТА НА БОЖЈАТА ЗОРА

Шри Чинмој

ВИЗИЈАТА НА БОЖЈАТА ЗОРА

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Визијата на Божјата Зора“
Автор: Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“The Vision of God’s Dawn”
by Sri Chinmoy

СОДРЖИНА

Бог-Творецот и Бог-Творбата ........................…. 6
Зошто постои Бог? …..........................……. 7
Изворот на животот ……….................... 8
Божјиот Сон и Божјата Реалност ….................. 9
Една Вистина, Еден Живот, Едно Лице ............ 11
Конечното и Бесконечното …......................... 12
Личен и безличен Бог ……............................ 16
Со форма и бесформен …............................... 18
Личниот Бог …................................................. 19
Бог и светот ……............................................. 23
Маж и жена ……......................……….... 25
Синовите на Бог …........................................... 26
Верување во Бог ……..................................... 28
Безвучниот звук ……...............................….... 30
Бог за детето ...………..................……… 31
Како изгледа Бог? …….….........……… 33
Дали Бог нѐ тестира? ….................................. 34
Божјото име ………………..................…… 36
Моќта на творбата …...................................... 38
Дали Божјата Моќ е ограничена? ……............... 39
Божјата Добрина
наспроти Божјата Правда …......................... 43
Дали Бог се лути? ……..........................……. 47
Нектар или отров ………...............…….... 48
Бог е Тој што дејствува …..............…….... 48

Бог и злото ........................................................ 51
Нашето нудење на Бог …………...………… 54
Бог и мирот …..................................................... 55
Божјата Совршеност …....................................... 56
Божествената Милост …................................... 56
Божјата смисла за хумор …............................... 57
Најлесниот начин да го задоволиш Бог ............ 58
Како може да направиме
да се насмее Бог? ……..................................... 59

## БОГ-ТВОРЕЦОТ И БОГ-ТВОРБАТА

Бог произлегол од Неговата сопствена Тишина. Бог бил еден, но сакал да стане многу. Зошто? Затоа што сакал божествено да ужива во Себе, да ужива во Својата Игра, да ужива во Вистината во многу облици. Чувствувал дека ако остане сам, ќе нема радост, ќе нема игра. Ако сакаме да играме каква било игра, нема да уживаме само во себе, туку ќе ни требаат повеќе играчи. Ако сакаме да играме фудбал, ќе ни требаат играчи да играат од секоја страна, во спротивно нема да има никаква игра. За Играта на Бог му требале космички играчи. Така се создал себе во милиони облици.

Бог е дрвото, а ние сме лисјата на дрвото. Бог е океанот, а ние сме ситни капки од вода. Тој е пространо, но ние го имаме нашето постојано единство со Него исто како што лисјата го сметаат дрвото како нивно многу сопствено така и капките може да го сметаат океанот како свој сопствен.

Можеш да го погледнеш листот или една од гранките и можеш да кажеш: „Ова е дрво." Или можеш да погледнеш еден од моите прсти и веднаш можеш да кажеш: „Ова е твоето тело."

- бидејќи прстот не може да биде одвоен од телото. Слично на тоа, кога ќе ме погледнеш мене можеш да кажеш: „Ти си Бог.“ Бидејќи Бог е сеопфатен. Кога го гледаш Бог во која и да е од Неговите форми, тоа е истиот Бог.

Целта, единствената цел на Божјата творба е исполнувањето на Неговата Визија и исполнувањето на Неговата Реалност. Бог веќе ја видел Вистината и Реалноста, но исто така сака и да ја манифестира. Се додека манифестацијата не земе место, Бог чувствува дека нема да биде целосен.

## ЗОШТО ПОСТОИ БОГ?

Зошто постои Бог? Зошто постоиме ние? Ние постоиме и Бог постои на земјата само за едно нешто - Радост - да создаваме Радост и да примаме Радост. Понекогаш користиме подлабок збор - Блаженство, но токму сега го користиме зборот Радост. Бог е Вечниот Играч. Бог твори нешто, а додека го твори, добива радост. Кога Неговата творба е завршена исто така добива еден вид Радост. А тогаш кога ја погледнува творбата и ја гледа понудената

Радост, се обидува да ја прими таа иста Радост од творбата. Се обидува да добие повеќе Радост.

Ако детето си игра со тениско топче, прво ќе добие Радост кога ќе го фати топчето, потоа кога ќе го фрли, потоа кога ќе го удри во ѕид и ќе направи звук, и на крајот кога топчето ќе се одбие назад кон него. Слично на тоа, кога Бог создава нешто ја нуди Својата Радост надвор од Себе, отаде Себе. Тоа што го шири го добива назад исто како што рибарот ја фрла мрежата, а таа се раширува и може со влечење повторно да ја врати кон Себе. Така Бог постои поради Неговата спонтана внатрешна Радост што ја нуди и што се враќа до Него.

## ИЗВОРОТ НА ЖИВОТОТ

Луѓето многу често се прашуваат: „Како Бог го создал животот од ништо?“ Сепак зборот „ништо“ е неточен. Бог го создал животот од нешто, а тоа нешто е Неговата Светлина, Неговата Свест-Светлина. Изворот на животот е Свест-Светлина. Минералниот живот, растителниот живот, животинскиот живот, човечкиот живот, божествениот живот, универзалниот живот, сè

доаѓа од Божјата Свест-Светлина. Сите ние имаме Свест, но, за жал, обичните луѓе што не тежнеат не се свесни за тоа. Но колку подлабоко одиме толку повеќе стануваме свесни за вистинската свест во нас, ни станува појасно што е животот и каде лежи неговиот Извор.

Бог го создал животот од Неговата Волја преку Својата Моќ на Волјата. Во моментот кога Бог ја употребува неговата Моќ на Волјата, Неговата Визија е Исполнета. Неговата нескршлива Моќ на Волјата веднаш може да ја изврши која било задача.

## БОЖЈИОТ СОН И БОЖЈАТА РЕАЛНОСТ

Божјиот Сон-Брод е човекот, човекот-тежнение, човекот-искуство, човекот-реализација, човекот-единство, целосно единство со Бог Сезнајниот и Семоќниот, Бог Сељубениот Татко.

Човечкиот Живот-Брод е Бог. Човечкиот живот е Бог, човековото постоење е Бог. Човекот го реализира Бог, човекот го отелотворува Бог и

конечно ќе го манифестира Бог овде на земјата.

Божјиот Сон е човекот. Неговиот Сон е Негова Реалност одвнатре и однадвор, а таа Реалност е исто така човекот. Бог се исполнува Себе во човекот, со човекот, низ човекот и за човекот. За жал, обичните човечки битија не се свесни за вистината дека имаат бескрајно побожествени и поисполнувачки особини во себе отколку што може да замислат. Имаат бескрајно повеќе скриена вистина во себе отколку што се способни да ја манифестираат во нивниот секојдневен живот.

Што значи тоа кога велиме дека човекот е Сонот на Бог? Прво, треба да знаеме дека Божјиот Сон не е како човечкиот сон. Постои голема разлика помеѓу човечките соништа и Божјиот божествен Сон. Сонот на земјата е ментална фантазија, Божјиот божествен Сон е предвесник на Вистината. Секоја секунда Божјите Соништа веднаш се преобразуваат во Реалност. Човечките соништа се само замислени мисли и идеи за нешто што се обидуваме да станеме. Многу често кога сонуваме се чувствуваме ужасно бидејќи нашите слатки соништа никогаш не ни се исполниле. Понекогаш стануваме жртви на непријателските сили што

прават да сонуваме за секаков вид ужасни случки што се случуваат во нашиот живот. И повторно, понекогаш создаваме наша сопствена фантазија во текот на денот и доаѓа во ноќта во форма на сон.

Во Божјиот случај нема такви видови на соништа. Неговиот Сон повеќе прилега како на капак од кутија. Ако едноставно го подигнеш капакот, таму е светот, таму е Целта. Така во Божјата Претстава денешниот Сон е утрешна Реалност. Кога ќе станеш едно со Бог гледаш дека сè во Божјиот Сон веќе ја отелотворува Реалноста во себе. Така да кажеме, кога божествените Соништа се во трагачот тогаш Реалноста е на пат веднаш да биде манифестирана во неговиот живот.

## ЕДНА ВИСТИНА,
## ЕДЕН ЖИВОТ, ЕДНО ЛИЦЕ

Во нашата Инвокација (п.п. - привикување) кон Севишниот, постои реченица во која се вели „Ти си една Вистина, еден Живот, едно Лице.“ „Ти си една Вистина.“ Вистината е исполнување. Само во Вистината има исполнување, без

Вистината не може да има исполнување.

Потоа „еден Живот“. Ти мислиш на Животот kako на твојот сегашен живот, но си имал Живот пред да се родиш така што овој Живот ќе продолжи после смртта на твоето тело. Овде на земјата твојот живот и твојата смрт се само фази во твојот повисоk Живот. Ете зошто мислиме на „еден Живот“.

Kako последно доаѓа „едно Лице“. Лицето е манифестација. Севишниот се манифестира себе на многу начини и го открива Неговото Лице низ Неговите многубројни манифестации. Постојат два начини да го видиме Лицето на Бог. Едниот начин ги открива Неговите просветлени црти на лицето, Неговите очи, уши и нос. Другиот начин ја открива Неговата просветлувачка Реалност.

Извадок од „Визијата на Божјата Зора“
www.knigi.mk